РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1624/29
06-05-2021 г./v.

**ДО**
**КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Ул. „Дебарца“број 28**
**1000, Скопје**
**Поштенскиот Фах 318**

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Примено: | 19-05-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 253 | 1 | |

**ПРЕДМЕТ: Барање податоци и информации**

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по сопствена инцијатива врз основа на наводи за сомневање за злоупотреби и незаконски дејствија преземени од лица вклучени во реализација на доделување на ваучери во спортот.

Согласно членот 14-г од Законот за спортот ("Сл. Весник на РМ" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 145/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 98/19, 244/19), корисници на средствата од даночното ослободување по Законот за данокот на добивка може да бидат, национални спортски федерации, спортски клубови, активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт, кои корисници покрај правата имаат утврдено и соодветни обврски.

Секоја Национална спортска федерација формира Комисија која подготвува предлог – листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување.

Националната спортска федерација е должна најдоцна до 20 јануари во тековната година до Агенцијата за млади и спорт да достави барање за користење средства од даночното ослободување и предлог - листа на спортски клубови и активни

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно закон и да ја објави на својата веб страница.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите, Државната комисија за спречување на корупцијата бара да доставите целосни податоци и информации дали е испочитуван „Правилникот за поблиските квантитативни и квалитативни критериуми за користење на средства од даночно ослободување, начинот на бодување и рангирање, како и формата и содржината на барањето за користење на средствата од даночното ослободување и на Листите на национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт" („Сл. Весник на РСМ" бр. 120/19),

Согласно членот 14-е од Законот за спорт ("Сл. Весник на РМ" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 145/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 98/19, 244/19), националните спортски федерации како корисници на средства од даночното ослободување се должни најдоцна до 15 март во наредната година да доставаат извештај до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, колку средства примиле за претходната година, од кого примиле средства по оваа основа, и за кои намени се истите потрошени. Извештајот се објавува на веб страницата на Националната спортска федерација најмалку во периодот од 15 март до 15 јуни наредната година од кога се добиени средствата.

Националната спортска федерација е должна во периодот од ставот 2 на овој член да ги објави на својата веб страница извештаите на сите спортски клубови и активни спортисти корисници на средства од даночното ослободување, а тие се должни најдоцна до 10 март во наредната година да ги доставаат извештаите за претходната година до надлежната Национална спортска федерација.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите Државната комисија за спречување на корупцијата бара да доставите целосни податоци и информации за:

- Состав на Комисиите што подготвиле предлог – листа со која се вреднуваат, верификуваат и рангираат спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување од вашата федерација во 2020 година и во 2021 година
- записници од седниците на комисијата од 2020 година одржани во периодот 01 јануари до 15 март 2020 година, како и записници од седниците на

комисијата од 2021 година одржани во периодот 01 јануари до 15 март 2021 година

- Дали до 20 јануари 2021 година до Агенцијата за млади и спорт имате доставено барање за користење средства од даночното ослободување и предлог - листа на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување во 2021 година и дали ги имате објавено на вашата веб страница до 20 јануари 2021 год.;
- Дали Комисијата во целост го испочитувала „Правилникот за поблиските квантитативни и квалитативни критериуми за користење на средства од даночно ослободување, начинот на бодување и рангирање, како и формата и содржината на барањето за користење на средствата од даночното ослободување и на Листите на Национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт" („Сл Весник на РСМ" бр. 120/19) со кои се утврдени наведените поблиски квантитативни и квалитативни критериуми
- Информација за евентуалните приговори и забелешки на спортски клубови и спортисти од вашата федерација, како и одговорите по истите, во однос на утврдување на Ранг листите за доделување на ваучери во 2021 година
- Дали вашата федерација како корисник на средства од даночното ослободување до 15 март во 2021 година има доставено до Агенцијата за млади и спорт извештај со законски утврдените податоци:
    - колку средства сте примиле во 2020 година,
    - од кого се примени средства по оваа основа, и
    - за кои намени се истите потрошени во 2020 година.
- Дали Извештајот е објавен на веб страницата на федерацијата до 15 март 2021 година;
- Информација дали вашата федерација ја релизира обврската да ги објави на својата веб страница извештаите на сите спортски клубови и активни спортисти од вашата федерација, корисници на средства од даночното ослободување во 2020 година, бидејќи истите имаат обврска да ги достават до 10 март во 2021 година извештаите за 2020 година до надлежната матичната федерација (во информацијата да доставите преглед на клубови и

спортисти кои до 10 март 2021 година доставиле извештај за користени средства од даночно ослободување во 2020 година).

Истовремено Ве известуваме за следново:

Согласно одредбите на член 23 став 3 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси одговорното лице во надлежната институција или од него овластено лице ги презема сите мерки и активности за доставување на бараните информации и истите ги доставува до Државната комисија **најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето** од страна на Државната комисија.

Согласно член 23 став 4 од од истиот Закон, **во случај на непостапување по барањето** од страна на надлежната институција во рокот наведен погоре, **Државната комисија поведува прекршочна постапка**.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**По овластување, Член на ДКСК**
**м-р Владимир Георгиев**

Изработил: Ј.Ц.